**ПРИЛЕП,**
**Наш бр: 10-323/2 од 04.02.2025 год.**
**Врска број: 10-1701/1 од 2024 год.**

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог заклучок за одобрување на **Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за Блок 4.2.11 утврден со регулациски план за градска Четврт 4, Блок 4.2, Општина Прилеп**, со архивски бр. 07-170/1 од 29.08.2024 година, изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 6,87 ха, Градоначалникот на Општина Прилеп, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА**, Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за Блок 4.2.11 утврден со регулациски план за градска Четврт 4, Блок 4.2, Општина Прилеп, со архивски бр. 07-170/1 од 29.08.2024 година, изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 6,87 ха, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП, со број **64673**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Планска програма заведено под наш архивски бр. 10-323/2 од 21.01.2025 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 64673.

Кон барањето беа приложени:

1. Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за Блок 4.2.11 утврден со регулациски план за градска Четврт 4, Блок 4.2, Општина Прилеп, изработена од ДГТП „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп со ваш архивски број 07-170/1 од 29.08.2024 година, со површина на плански опфат од 6,87 ха.
2. Одобрена инцијатива со Наш бр.10-1923/2 од 21.09.2023 година.
3. Полномошно со УЗП 8150/2024 до 22.08.2024 година
4. Барање за одобрување на планска програма со арх. бр.07-170/2 од 29.80.2024 година

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до Градоначалникот на Општина Прилеп достави Предлог – заклучок за одобрување на Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за Блок 4.2.11 утврден со регулациски план за градска Четврт 4, Блок 4.2, Општина Прилеп.

Врз основа на горенаведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Прилеп утврди дека се исполнети условите за одобрување на Планската програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).

Правна поука:

Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Борче Јовчески**

Borche Jovcheski

Digitally signed by Borche Jovcheski
Date: 2025.02.04 09:48:43 +01'00'



**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk